**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**бр. 14-117/1**
**17.01.2024 год.**
**Гевгелија**

# И З В Е Ш Т А Ј
## за реализација на Програмата за активности на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Гевгелија има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот. За таа цел, Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 30.01.2022 година, донесе Програма на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година. За реализација на активностите во Програмата беа предвидени средства од Буџетот на Општина Гевгелија во висина од 150.000 денари и 100.000 денари од донации.

Имено, Програмата за активности на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година беше подготвена на средба одржана на 13 декември 2023 година во соработка со ЕХО – Едукативно-хуманитарна организација од Штип, на којашто учествуваа општинската администрација, членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија и претставници на локалните институции и НВО-секторот во Општина Гевгелија.

**<u>1. Преглед на активности и реализација на истите:</u>**

| **Активност 1** | **вк. број учесници** | **М** | **Ж** | **издвоени средства (Буџетска програма – X1 Родова еднаквост)** |
|---|---|---|---|---|
| **Снимање краток филм со информативно-едукативна содржина за семејно насилство врз жени** | 29 | 8 | 21 | 25.000 денари |
| | **стручна подготовка** | **М** | **Ж** | |
| | 3 | 2 | 1 | |

| **Индикатори** | | | |
|---|---|---|---|
| % на гледаност- премиера | Вкупно | **М** | **Ж** |
| | 120 | 15 | 105 |
| % на новопријавени случаи на насилство врз жени и девојчиња | 7 | 0 | 7 |

| **Извршување на средствата** | |
|---|---|
| надоместок за камера и монтажа | **6.000 ден.** |
| надоместок за режија | **6.000 ден.** |
| надоместок за озвучување | **4.000 ден.** |
| надоместок на жртва на семејно насилство | **6.000 ден.** |

На 7 декември 2023 година, во Народниот театар- Гевгелија, премиерно беше прикажан документарниот филм за семејно насилство врз жени „Не биди моја приказна- Охрабри се!", во продукција на Општина Гевгелија. Во филмот, учествуваат: жена- жртва на семејно насилство од Гевгелија, претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија, психолог вработен во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, адвокат и членовите на Драмската секција за деца при ЈОУ Дом на култура „Македонија"- Гевгелија. Режијата е на Катица Цишева Дупарова, а организацијата на Петар Јанчев. Камерман и монтажер е Васко Трајков.

Документарецот се реализираше во соработка со Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Гевгелија, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, Адвокатската комора и Драмската секција за деца при ЈОУ Дом на култура „Македонија"- Гевгелија, ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито"- Гевгелија, ЈОУ Дом на култура „Македонија"- Гевгелија и Телевизија НОВА.

Заради целта- да се допре до сите возрасни категории- да се препознае семејното насилство, каде да се пријави и зошто е важно да се пријави, но и да се намали оваа негативна појава преку вистински наратив и излагања на стручни лица кои се надлежни за постапување во случај на насилство, филмот ќе се прикажува и помеѓу учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија и вишите одделенија во основните училишта „Владо Кантарџиев" и „Крсте Мисирков"- Гевгелија. Според податоците добиени од ЈУМЦСР- Гевгелија по емитувањето на филмот, пристигнале 7 пријави за семејно насилство и тоа од жени

| **Активност 2** | **ангажман** | **издвоени средства (Буџетска програма – X1 Родова еднаквост)** |
|---|---|---|
| **Изработка на мурал на зграда** | ликовен уметник, Миле Ничевски | **20.000 ден.** |
| **Индикатори** | **вкупно** | |
| % на новопријавени случаи на насилство врз жени и девојки | 7 жени | |

| **Извршување на средствата** | |
|---|---|
| Исплата на средствата врз основа на склучен договор со уметник | **20.000 ден.** |

На ѕид од зграда во централното градско подрачје, во втората половина на декември, е насликан мурал на тема „Семејно насилство“ во рамки на Програмата за еднакви можности на жените и мажите. За изработка на муралот, Општина Гевгелија склучи договор за вршење услуги со гевгелискиот ликовен уметник, Миле Ничевски. Целта на муралот е да ја поттикне свеста кај граѓаните за семејното насилство, да се намали и искорени неговата појава, како и да се препознае насилстството како форма и да се пријави до соодветните служби за постапување.

| **Активност 3** | **индикатори** | | | **донациски средства од ЕХО- Штип** |
|---|---|---|---|---|
| | **вк. бр. членови** | **М** | **Ж** | |
| **Формирање Мултисекторски тим на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство** | 4 | 1 | 3 | **100.000 денари** |
| | **бр. на вклучени институции** | | **вк.** | |
| | | | 3 | |
| | **бр. на процесирани случаи на насилство врз жени и девојки** | | **вк.** | |
| | | | **20 од 33** | |

Општина Гевгелија, во соработка со Ехо- Штип, формираше мултисекторски тим на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство. За таа цел, Ехо од Штип достави барање за номинација на членови од: Општина Гевгелија, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија, ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, ОВР- ПС ОН Гевгелија, Основен суд- Гевгелија и Јавно обвинителство- Гевгелија. По добиените номинации за конституирање на МТЗ, за членови се именувани: Љубица Карајанова и Петар Јанчев од Општина Гевгелија, Сашка Карајанова од ЈУМЦСР- Гевгелија и Розита Андонова од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија.

Имено, МТЗ од Општина Гевгелија учествуваше на третиот квартален состанок во Штип, којшто се одржа на 3 октомври 2023 година. На состанокот, членовите на МТЗ и стручните соработници од различните општини, кои ЕХО ги координира (Штип, Прилеп, Струмица и Гевгелија), имаа можност заеднички да разговараат и разменат искуства за актуелните теми со насилството врз жените и да направат проценка за функционирањето на механизмите за заштита на национално и на локално ниво.

Исто така, МТЗ на Оштина Гевгелија учествуваше и на последниот квартален состанок за 2023 година, којшто се одржа во Охрид, од 8 до 9 декември, надграден со дводневна работилница за вмрежување на мултисекторските тимови и стручните соработници за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство, кои ги координира ЕХО.

Учесниците – претставници од сите мултисекторски тимови на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство, како и стручни соработници од општините Штип, Прилеп, Струмица и Гевгелија имаа можност за меѓусебно запознавање и вмрежување, истовремено стекнувајќи знаења и вештини за градење и развој на мрежи, тимска работа и ефикасна комуникација. Работилницата имаше за цел јакнење на довербата помеѓу претставниците на МТЗ и стручните соработници од различните општини, што е неопходен предуслов за ефикасна

меѓусебна координација која води кон унапредување на ефикасноста во заштитата на жените и девојките изложени на насилство во општините и регионите каде делуваат овие тимови. Работилниците се дел од серијата работилници и обуки наменети за јакнење на капацитетите на Мултисекторските тимови на заедниците за ефикасна заштита од насилство врз жени и семејно насилство, како и стручните соработници на ЕХО, во рамки на Проектот: „Сите заедно во градење на заедници без родово-базирано насилство“ поддржани од Шведска и Фондацијата Kvinna till Kvinna.

Имено, во 2023 година, во ЈУМЦСР- Гевгелија пристигнале 33 поплаки за семејно насилство и тоа од 27 жени, 4 мажи и 2 малолетни девојчиња. Процесирани се 20 случаи, односно против 20 сторители на семејно насилство- мажи се изречени привремени мерки за заштита на жртвите.

| **Активност 4** | **индикатори** | | | **издвоени средства (Буџетска програма – X1 Родова еднаквост)** |
|---|---|---|---|---|
| | **вк. бр. учесници** | **М** | **Ж** | |
| **Две Работилници за подготовка на Методологија за подготовка на родово одговорни политики/ програми** | 12 | 5 | 7 | **30.000 денари** |
| | **подготвена Методологија** | | | |

На 30 октомври и 5 декември 2023 година, во Општина Гевгелија, се одржаа две работилници на тема: „Јакнење на капацитетите на општинската администрација за спроведување процеси за креирање еднакви политики за жените и мажите“. Имено, на двете работилници, општинската администрација во Општина Гевгелија со Лилјана Јоноски - консултант дискутираа за основните принципи за инклузивно и еднакво буџетирање на жените и мажите, алатките за проверка на програмите и буџетите дали ја вклучуваат перспективата на еднакво буџетирање на жените и мажите, видовите политики, програми и буџети и идентификуваа пристап за вклучување на аспектите на одговорно буџетирање преку практична работа. При што, утврдија и основни чекори и мерки што ќе ги содржи Методологијата за РОБ на Општина Гевгелија.

| **Активност 5** | **издвоени средства (Буџетска програма – X1 Родова еднаквост)** |
|---|---|
| **Реализација на онлајн или теренски анкетен прашалник и за утврдување на проблеми /ризици / потреби и прибирање идеи и иницијативи** | **15.000 денари** |

Општина Гевгелија заедно со РЦОР- Гевгелија спроведе теренски и онлајн-прашалник наменет за граѓаните на општина Гевгелија во насока утврдување приоритети и потреби на жените и мажите за креирање мерки и активности коишто ќе воспостават еднакви можности. Имено, преку онлајн-прашалникот беа анкетирани 85 граѓани, од кои 72 жени и 13 мажи, додека со теренски прашалник беа опфатени 59 испитаника, од кои 53 жени и 6 мажи.

| **индикатори** | | | |
|---|---|---|---|
| **вк. бр. испитаници** | 144 | **М** | **Ж** |
| | | 19 | 125 |
| **локални институции** | 4 | 4 | 0 |
| **НВО-сектор** | 5 | 2 | 3 |

**Резултати од онлајн-прашалник**
Заклучоци:

- Од вкупен број на испитаници 85, 72 се жени кои одговориле на прашалникот. 90% од испитаниците доаѓаат од урбана средина. Најмногу одговориле на возраст од 25-49 години, најмногу се Македонци, 64,7% се со високо образование, најголем процент се вработени, во брак се, живеат со сопругот и децата, најголем процент на испитаници немаат попреченост;
- 55,3 % од испитаници сметаат дека општеството е понаклонето кон мажите
- 42,4% од испитаниците сметаат дека состојбата со еднаквоста меѓу жените е иста во последните 4 години;
- 48,2% од испитаниците не учествувале во јавни расправи, дебати, форуми на заедницата во општината;
- 67,1 од испитаниците не учествувале активностите на општината (јавни расправи, анкети, дебати, форуми, состаноци);
- 47,7% од испитаниците за активности на општината се информираат од Фејсбук-страницата на општината;
- 60 % од испитаниците не знаат како се креира Буџетот на општината и како се одлучува за неговата содржина;
- 81,2 % од испитаниците не учествувале во креирање и/или одлучување за Буџетот на општината;
- 42,4% од испитаниците не знаат дали при креирање на приоритетите во Буџетот на Општина Гевгелија подеднакво се земени предвид потребите на мажите и жените;
- 34,1 % од испитаниците делумно ги знаат надлежностите на Општина Гевгелија од областа на урбанизам, животна средина, комунални дејности, култура, образование, социјалната заштита, здравствена заштита и спорт.

Проблем во област урбанизам е планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење (52,9%);
Проблем во областа животна средина е потреба од мерки за заштита и спречување од загадување на водата,воздухот и земјиштето (54,1%);
Проблеми во областа на комунални дејности се: изградба, одржување, реконструкција и заштита на локални патишта (47,1%), (32,9%) одржување на јавната чистота, (30,6%) уредување и организирање на јавен превоз на патници;
Проблем во област култура е потребата од постоење и функционирање на повеќе културни установи (43,5%);
Проблем во област образование е организирање превоз и исхрана на ученици (50,6%);


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk

Проблем од областа социјална заштита е потреба од услуги за поддршка на жени и девојки изложени на насилство вклучително и семејно насилство (45,9%);
Проблеми во област здравство се: 30,6 помош на пациенти со специјални потреби (30,6%) и превентивни активности за заштита на здравјето (30,6%);
Проблем во област спорт е потреба од изградба, одржување, обновување и прилагодување на објекти и терени за спортски и рекреативни активности (42,4%).

Предлози на испитаниците надвор од поставените прашања се: организирање трибини и работилници и за членовите на Советот за подобро запознавање на родовото буџетирање и креирање на политики од родов аспект; поголема социјална заштита да им се дава на жените од типот на прифатилишта како жртви од семејно насилство и предвиденост на поголем број на мерки за нивна заштита, како на пр.: предност при вработување, намалување на цените во продавници за оваа категорија на лица и давање на услуги со намалени цени, како што е плаќање на месечен надомест за градинка за нивните деца и сл., безбедност и заштита (правна, институционална, физичка); отворање бесплатни центри за обука за млади; одобрување фонд за мали бизниси од уметнички, спортски и креативни области.

**Резултати од испитаните локални институции и граѓански организации**
Заклучоци:

- вкупен број на испитаници се 9 лица (2 од машки пол од граѓански организации; 4 од женски пол од институции и 3 од женски пол од граѓански организации);
- 4 испитаника одговориле дека општеството подеднакво ги третира мажите и жените;
- 4 испитаника одговориле дека во последните 4 години состојбата за еднаквоста е подобрена;
- 6 од испитаниците учествувале во јавни расправи, дебати, форуми на заедницата во општината;
- 5 од испитаниците учествувале во активностите на Општината (јавни расправи, анкети, дебати, форуми, состаноци);
- 6 од испитаниците за активности на Општината се информираат од веб-страницата на Општината;
- 6 од испитаниците знаат како се креира Буџетот на општината и како се одлучува за неговата содржина;
- 9 испитаника не учествувале во креирање и/или одлучување за Буџетот на општината;
- 8 испитаника не учествувале на настани за еднакви можности на жените и мажите;
- 4 испитаника не знаат дали при креирање на приоритетите во Буџетот на општина Гевгелија подеднакво се земени во предвид потребите на мажите и жените, 4 испитаника сметаат дека подеднакво се земаат потребите;
- 5 од испитаниците делумно ги знаат надлежностите на Општина Гевгелија од областа на урбанизам, животна средина, комуналните дејности, култура, образование, социјалната заштита, здравствена заштита и спорт;

Проблем во област урбанизам е уредување на простор (4 испитаника);
Проблем во областа животна средина е потреба од мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и земјиштето (8 испитаника);
Проблеми во областа на комунални дејности се: уредување и организирање на јавен превоз на патници, изградба, одржување, реконструкција и заштита на локални патишта, одржување на уличната сообраќајна сигнализација и други сообраќајни инфраструктурни објекти (6 испитаника);

Проблем во област култура е потребата од постоење и функционирање на повеќе културни установи (6 испитаника),
Проблем во област образование е организирање превоз и исхрана на ученици (7 испитаника)
Проблем од областа социјална заштита се услуги за поддршка на жени и девојки изложени на насилство вклучително и семејно насилство (5 испитаника);
Проблеми во област здравство е преземање превентивни активности за заштита на здравјето (3 испитаника)
Проблем во област спорт е потреба од изградба, одржување, обновување и прилагодување објекти и терени за спортски и рекреативни активности (7 испитаника).

Предлози на испитаниците надвор од поставените прашања се: поддршка за жените со инвалидност, поддршка на жени- жртви на семејно насилство, подршка за самохрани жени и потреба за психолошка и педагошка едукација на жените, потреба од локални капацитети и механизми за потребите на ранливи категории на лица.

**Резултати од теренски прашалник**
Заклучоци:

- Од вкупниот број испитаници- 50, 46 се жени кои одговориле на прашалникот. 36 од испитаниците доаѓаат од урбана средина. Најмногу одговориле на возраст од 25-49 години, најмногу се Македонци, 34 се со високо образование, 34 се вработени, во брак се 66% од испитаниците, 64% живеат со сопругот и децата, сите испитаници немаат попреченост;
- 46% од испитаници сметаат дека општеството е понаклонето кон мажите;
- 52 од испитаниците сметаат дека состојбата со еднаквоста меѓу жените е иста во последните 4 години;
- 46% од испитаниците не учествувале во јавни расправи, дебати, форуми на заедницата во Општината;
- 62% од испитаниците не учествувале во активностите на Општината (јавни расправи, анкети, дебати, форуми, состаноци);
- 52% од испитаниците за активности на Општината се информираат од Фејсбук-страницата на Општината;
- 82% од испитаниците не знаат како се креира Буџетот на општината и како се одлучува за неговата содржина;
- 43 испитаника не учествувале во креирање и/или одлучување за Буџетот на општината;
- 40 испитаника не знаат дали при креирање на приоритетите во Буџетот на општина Гевгелија подеднакво се земени во предвид потребите на мажите и жените;
- 57% од испитаниците не ги знаат надлежностите на Општина Гевгелија од областа на урбанизам, животна средина, комунални дејности, култура, образование, социјалната заштита, здравствена заштита и спорт;

Проблем во област урбанизам е планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење (22 испитаника);
Проблем во областа животна средина е потреба од мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и земјиштето (38 испитаника);
Проблеми во областа на комунални дејности се: 58% се за изградба, одржување, реконструкција и заштита на локални патишта ( одржување на уличната сообраќајна сигнализација и други сообраќајни инфраструктурни објекти, одржување и користење

на јавниот простор за паркирање), 34% се одржување на јавната чистота; уредување, одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и 8% се за уредување и организирање јавен превоз на патници;
Проблем во област култура е потребата од постоење и функционирање на повеќе културни установи (64%);
Проблем во област образование е организирање превоз и исхрана на ученици (74%);
Проблем од областа социјална заштита се детски градинки (сопственост, финансирање, инвестиции, одржување, работно време) - (54%);
Проблеми во област здравство е помош на пациенти со посебни потреби (75%);
Проблем во област спорт е потреба од изградба, одржување, обновување и прилагодување објекти и терени за спортски и рекреативни активности (46 испитаника).

Предлози на испитаниците надвор од поставените прашања се: едукација за финансиска независност на жените; шелтер куќа за жртви на семејно насилство; можност за користење на спортски терени и едукација за превентивни активности за заштита на здравје; Општината треба да работи на идентификување на клучните проблеми кои предизивикуваат родова нееднаквост и така се детектираат соодветно на автентичните состојби, можности и потреби.

## 2. Табеларен приказ на извршување на Буџетот

| Активности | Буџет |
|---|---|
| Снимање краток филм со информативно-едукативна содржина за семејно насилство врз жени | 25.000 д. |
| Изработка на мурал на зграда | 20.000 д. |
| Формирање Мултисекторски тим на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство | 100.000 д. |
| Две Работилници за подготовка на Методологија за подготовка на родово одговорни политики/ програми | 30.000 д. |
| Реализација на онлајн или теренски анкетен прашалник и за утврдување на проблеми /ризици / потреби и прибирање идеи и иницијативи | 15.000 д. |
| **вкупно:** | **190.000 д.** |

Од проектираниот буџет во висина од **250.000** денари, од коишто **150.000** денари од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година (Програма Х1 Родова еднаквост) и **100.000** денари донации, за реализација на активностите од Програмата на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година се потрошиле вкупно **190.000** денари**,** од кои 90.000 денари од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година и **100.000** денари донации.

* Извештајот за реализација на Програмата за активностите на ОГ во областа на ЕМЖМ за 2023 година е усвоен од Советот на ОГ со Заклучок бр. 09-185/1 од 29.01.2024 година.